**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА ПРЕДАВАЧ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ И ОД ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГОТ

НА ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА", СКОПЈЕ

Со одлука од 16.02.2012 година, донесена на седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на предавач од областа на финансиите и на маркетингот.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник Вечер на 18.01.2012 година, а во предвидениот рок се пријавија следните кандидати:

- Оливера Клинчарова, родена 22.03.1971 година во Скопје, дипломиран економист, магистер по економски науки – Европски студии. Повеќегодишно работно искуство во Осигурителни и брокерски куќи. Искуство како гостин предавач.
- Бисера Војческа, родена 07.05.1985 во Скопје, дипломиран економист, магистер по маркетинг. Работно искуство во маркетинг агенции и во државна администрација. Шестмесечно искуство како демонстратор.
- Биљана Филиповиќ, родена 13.11.1979 во Скопје, дипломиран економист, магистер по економски науки- монетарна економија. Работно искуство во стопанството и во банка.
- Александра Чорбаџиева, родена 13.12.1987 во Скопје, дипломиран економист.
- Климентина Кочовска, родена 08.08.1984 во Струга, дипломиран економист, магистер по финансии. Искуство како практикант во банка.
- Мартина Јанковиќ, родена 08.05.1987 во Скопје, дипломиран инженер по машинство, магистер по технички науки од областа на индустриското инженерство и менаџмент. Работно искуство како маркетинг агент и продажен агент.
- Душица Неделкоска, родена 01.06.1969 во Куманово, дипломиран новинар, магистер по бизнис администрација. Работно искуство во стопанството и во областа на медиумите.
- Ана Бакуле, родена 12.05.1984 во Скопје, дипломирана на факултет за бизнис администрација, магистер по економски науки - маркетинг менаџмент. Работно искуство во областа на маркетинг. Двомесечно искуство како асистент на предмети од областа на економија на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје.
- Ивана Стојановска, родена 18.05.1979 во Скопје, дипломиран професор по одделенска настава, магистер на економски науки - маркетинг. Работно искуство во областа на односи со јавноста, медиумите и приватниот бизнис сектор.
- Мартин Стојановиќ роден на 24.02.1988 година, во Скопје, дипломиран економист, магистер на прави науки од областа на финансиите и финансиското право. Работно искуство во високо образование како асистент по предмети од областа на финансиите, во истражувачки фондации и практикант во банкарскиот сектор.
- Валентина Дрекаловиќ, родена 31.03.1970 во Скопје, дипломирана на Факултетот за драмски уметности, магистер по економски науки од областа на маркетингот. Работно искуство во маркетинг агенции и продукции и предавач во средноџ- училиштен центар.
- Игор Тантуровски, дипломиран економист, магистер по економски науки, работно искуство во областа на финансиите.
- Александар Котески, роден 16.06.1984, дипломиран економист, магистер по бизнис администрација. Работно искуство како демонстратор во областа на финансиите и банкарството.

- Предраг Гаврилов, роден 11.04.1977 во Кочани, дипломиран на Факултет за управување и информатика во Р. Бугарија, магистер по меѓународен бизнис. Работно искуство на проекти.
- Димитар Цветковски, роден 25.05.1987 во Скопје, дипломиран економист, магистер на Интередисциплинарни студии за источна Европа во Будимпешта.
- Кристина Антиќ, родена10.02.1986, дипломиран економист, магистер на економски науки, област менаџмент во банкарскиот профитен и непрофитен сектор. Работно искуство во стопанството, во областа на односи со јавноста.
- Краља Чесмаџиска Каранфилова, дипломиран економист, магистер по економски науки во областа на маркетинг. Работно искуство во меѓународни организации.

Врз основа на приложената документација и деталниот увид во истата, на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје , го поднесуваме следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

Во врска со конкурсот за избор на предавач од областа на Финансиите и Маркетингот, Рецензентската комисија, по анализа на документацијата поднесена од страна на пријавените кандидати, се определила за кандидатот м-р Мартин Стојановиќ. Имено, именуваниот кандидат ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје, а кои се предвидени во распишаниот конкурс во весникот „Вечер“.

**1. Биографски податоци**

М-р Мартин Стојановиќ е роден на 24.02.1988 година, во Скопје, Република Македонија. Основното образование го стекнал во Скопје, NOVA High Schools завршил со одлучен успех, а дипломирал како првенец на генерацијата на „Факултетот за бизнис економија“ Скопје во 2009 година, насока „Финансиски менаџмент“, на студиска програма која се реализирала целосно на англиски јазик. Последипломски студии на насоката „Финансии и финансово право“ завршил во 2011 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ Скопје, на тема „Финансиски пазари и институции во Р. Македонија“, со што се стекнал со научното звање магистер по правни науки во областа на Финансиите и финансиското право.

**2. Наставна активност**

Асистент по предметите „Финансиски институции“ и „Хартии од вредност и портфолио анализа“ на „Факултетот за бизнис економија“ Скопје, во учебната 2011/2012 година.

**3. Дополнителни образовни активности и обуки**

-Учество на 17та Меѓународна летна школа во Фаенца, Италија, во организација на Универзитетот во Болоња, под наслов „По проширувањето. Поширока Европа и новото соседство“ – Одржлив развој, Зелена економија и улогата на невладиниот сектор (04 до 19.09.2011 година).

-Учество во обука за изработка на бизнис планови во рамки на Машинскиот факултет – Скопје.

-Практикант во Штедилницата „Можности“ Скопје.

-Член на Фондацијата “Ново образование за бизнис“.

4. **Трудови**

“Euro bonds for financing public debt in Macedonia” (во коавторство со проф. д-р Благоја Наневски). Journal for Sustainable Development Skopje 1/2012, pp.35-44.

Основен предмет на анализа на трудот се двете емисии на Еврообврзница на Р. Македонија, во 2005 и 2009 година. Анализираните податоци упатуваат на успешна прва емисија, но комплексна втора емисија. Главните проблеми поврзани со емисијата во 2009 година е високата каматна стапка, која според нашите укажувања би можела да се намали за околу 200 процентни поени, како и некомплетната анализа на алтернативните решенија за прибирање на потребните средства.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија цени дека кандидатот м-р Мартин Стојановиќ ги има потребните квалификации за избор во звањето предавач, веќе има искуство во настава, учествува во работата на Фондацијата „Ново образование за бизнис“ и има објавено рецензиран труд. Имајќи го предвид претходното, може да се констатира дека тој ги исполнува бараните услови и покажува способности за наставно - образовна и научноистражувачка активност.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет на „Факултетот за бизнис економија“ Скопје, да го избере кандидатот м-р Мартин Стојановиќ во звањето предавач во обласа на Финансиите и Маркетингот .

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА :

/Проф.д-р Антонија Јосифовска, претседател/

/Проф.д-р Весна Стојанова, член/

/Проф.д-р Благоја Наневски, член/